**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Република Македонија**

# З А П И С Н И К бр.7
**од**
**Преговори за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, помеѓу МЖСПП и ФЕНИ Индустри**

Седми состанок , 17.01.2007 год. простории во МЖСПП, почеток 12 ч.

## Присутни:

**Тим за преговарање на МЖСПП:**

- Миле Јакимовски, директор на Управата за животна средина
- Лендита Дика, раководител на сектор за индустриско загадување и управување со ризик-раководител на тимот,
- Ана Каранфилова-Мазнева, раководител на Сектор за животна средина
- Назим Алити, раководител на одделение за интегрирано спречување и контрола на загадувањето
- Снежана Ѓорѓиева, самостоен референт во Сектор за комуникација со јавноста -записничар,

**Тим за преговарање на ФЕНИ-Индустри:**

- Оливиер Десаведави, директор на Сектор за животна средина-претседател на тимот
- Орданчо Ристов, раководител за оддел за истражување во Сектор за животна средина

На почетокот на Седмиот состанок на тимовите за преговарање беше усвоен Записникот од Шестиот состанок кој се одржаа на 08.01.2008 год, во просториите на МЖСПП.

**Заклучоци од состанокот :**

Оперативниот план за води да се дополни со нова активност: Изработка на физибилити студија за третман на отпадните води, која треба да се изработи до 30.09.2008 год. и ФЕНИ индустри потоа да постапи согласно резултатите кои ќе произлезат од студијата. Последната мерна точка бр.62 на Црна река да биде после вливот на северниот канал во Црна река.

Концентрациите на СО2, SO2, ЦО да останат на постојните, односно да не преминуваат МДК или Европските директиви, се додека не се донесе нов правилник за МДК за емисии во воздухот и уредба за класификација на води.

Концентациите при евентуално рестартирање на електро-печките, кога нормално истите се поголеми, да се дефинира колку време ќе трае таквата состојба.

Овие забелешки да се вметнат во Нацрт дозволата до 28.01.2008 година, а потоа истата правно да се среди во правната служба.

Состанокот заврши во 14:00 часот.

Записничар:
Снежана Ѓорѓиева

ул. Дрезденска бр. 52, 1000 Скопје тел. 02 30 66 930, тел/факс 02 30 66 931
e-mail: infoeko@moe.gov.mk web: www.moepp.gov.mk